*Датум: 22.11.2009, 17:51*

Ми се допаѓа 0

# БАЛКАНСКАТА КАРИКАТУРА ПРВА ВЛЕГУВА ВО ЕУ



Комесарот за проширување на ЕУ, Оли Рен, денеска во зградата на Европската комисија во Брисел ќе ја отвори изложбата на карикатури под наслов „Хани-бал-кан анте портас“

Еврокомесарот Оли Рен својата уметничка колекција ќе ја збогати и со карикатура од Македонија: колона од луѓе ползат за да поминат под триумфалната порта и среќни, насмеани, со високо кренати раце влегуваат во големото и толку посакувано европско семејство. Вака изгледа делото на нашиот карикатурист Делчо Михајлов, кој денеска лично ќе му ја врачи карикатурата на комесарот за проширување на ЕУ. Таа ќе му биде врачена во 16 часот, откако Рен ќе ја прогласи за отворена изложбата под наслов „Хани-бал-кан анте портас“, во зградата на Европската комисија во Брисел.

Пред присутните ќе се обратат и нашата министерка за култура Елизабета Канческа-Милевска и Михајлов, кој е автор на изложбата. Застапени се дела од карикатуристи од четири балкански земји. Своето присуство го потврдил и министерот за евроинтеграции Васко Наумов, а се очекува да дојдат и повеќе европарламентарци.

Според Михајлов, терминот на изложбата е одреден пред три-четири месеци. Датумот го одредиле луѓето од ЕУ, според агендата на комесарот Оли Рен, кој потврдил дека ќе ја отвори изложбата.

- Некој да ме прашаше кој термин би го посакал, повторно би го избрал овој, бидејќи навистина се совпадна со многу работи. Најголемото совпаѓање е затворањето на изложбата - 7 декември, кога е закажан Советот на министрите на Европската Унија, од кој Македонија очекува многу. Не верувам во случајности и мислам дека 7 декември може да биде среќен ден за нас. Имам претчувство дека ќе добиеме некаков датум за преговори, условен, ваков-таков, но тоа е друго прашање - вели Михајлов.

Во фоајето на седиштето на ЕУ, во репрезентативен простор ќе бидат изложени 76 карикатури од околу 40 автори од земјава, Хрватска, Босна и Херцеговина и од Србија. Сите дела се создадени на една тема: интеграцијата на Западен Балкан во европското семејство. Оригиналната изложба под наслов „Анте портас“ пред една година во Музејот на град Скопје ја отвори евроамбасадорот Ерван Фуере. Негова била иницијативата да биде поставена и во Инфоцентарот на Европската Унија во Скопје, а сега ќе може да ја видат сите европарламентарци.

Министерката Канческа-Милевска смета дека со реализацијата на „Хани-бал-кан анте портас“ во седиштето на ЕУ во Брисел ја потврдуваме меѓусебната отвореност и дијалог.

- Демонстрираме културна политика која е единствена и отворена. Целта е афирмацијата на заедничкиот карактер што го поседуваат балканските земји. Без државите и народите од Балканот интегрирани во големото европско семејство, географската и политичката карта на современа Европа ќе биде нецелосна. Михајлов успеа да ги обедини уметниците од Балканот и преку карикатурата, како специфична форма на размислување, ги прикажа балканските напори и тенденции за влез во Европската Унија и во НАТО. Во името на оваа заедничка европска иднина, сигурна сум дека културата и уметноста, како подрачја во кои најдиректно се ослободува и се разменува креативната енергија помеѓу уметниците и публиката, може да бидат моќна движечка сила во искористувањето на креативните потенцијали на сите полиња - вели таа.

Први во ЕУ ќе влезат карикатурите, иако ние од петни жили запнуваме да добиеме датум за преговори, да влеземе во ЕУ, вели Михајлов. За среќа, додава тој, делата не се многу смешни и ќе поттикнат размислување кај луѓето од ЕУ.

- Желбата на Хрватска, Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Албанија и на Косово за прием во ЕУ е голема како планина. Истовремено, присутен е и стравот да не ја доживеат судбината на Турција, која со години е кандидат и чека на прием. Балкан на турски значи планина. Од друга страна, зборот значи мед-крв, што по се' изгледа го предизвикува чувството на претпазливост кај членките на ЕУ, во уште поголема планина. Крвавите настани на Балканот се минато. Денес, односите меѓу земјите на Балканот се мед и млеко - го објаснува Михајлов насловот на изложбата.

## КОНЦЕРТ НА „ЛА КОЛОНИ ВОЛВОКС“

Во рамките на изложбата ќе настапи групата „Ла колони волвокс“. Во официјалниот дел тие ќе изведат акапела-пеење. Ќе исполнат две народни песни, „Една еребица“ и „Пиле ми пее пиу, пиу“. По отворањето на коктелот, бендот ќе свири џез-нумери. „Ла колони волвокс“ ја сочинуваат Сашо Гигов-Гиш, Александар Николовски, Гоце

НАЈНОВИ ВЕСТИ


Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот


Концерт на култните „Лачни Франз“ на платото пред МОБ


Пратеникот од СДСМ Павле Богоевски учествувал и организирал демонстрации против Вучиќ


Вонпарламентарни десноориентирани партии во служба на СДСМ може ќе станат дел од новата влада


Оризот засеан само на половина од планираната површина

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook
Dnevnik / Дневник
61,366 likes
Like Page Share

НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

- Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја
- Болни амбиции и државно раскрчмување
- Загадување посилно од судбината
- Фашистички калифат
- Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија

Наумов, Симон Киселички, Драган Стојковски, Предраг Икономовски и Булент Бекир. Групата неодамна го издаде својот нов албум под наслов „Европа“.

- Промоцијата на цедето практично ќе биде во срцето на Европа - вели Михајлов.

**Весна И. Илиевска**

#

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

- Безгрижна ноќ со Дајана Крол
- Одржани „Поетски порти“ во Дебар
- Промоција на книгата „Последниот чај“ од Винка Саздова
- Концерт на тенорот Марјан Николовски во Даут-пашиниот амам
- „Читачот“ на Синедејс
- Разрешен директорот Огненовски

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Внесете го кодот во празното поле

4958

КОМЕНТИРАЈ



АНТЕНА >>



ПУБЛИКА >>



ЗДРАВЈЕ >>

© 2006 - 2013 Дневник | Сите права задржани | Powered by Nextsense webBuilder | XML